**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ОПШТИНА БЕРОВО

*Одделение за урбанизам*

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр, 32/20 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), а согласно Годишната програма за изработка на урбанистички планови за 2023 год, донесена со Одлука бр. 09-4519/1 од 24.11.2023 год, од страна на Советот на Општина Берово, Градоначалникот на Општина Берово го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

***за организирање на ЈАВЕН УВИД за јавноста, на Предлог:***
***УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, за изградба на комплекс градби со основна намена Б5.1 - хотелски комплекси, на КП 1078, КП 1079, КП 1073/1, КП 1073/2, КП 1058, КП 1059, КП 1071 и КП 1072, КО РУСИНОВО, Општина БЕРОВО***

ЈАВНИОТ УВИД за јавноста по Предлог: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, за изградба на комплекс градби со основна намена Б5.1 - хотелски комплекси, на КП 1078, КП 1079, КП 1073/1, КП 1073/2, КП 1058, КП 1059, КП 1071 и КП 1072, КО РУСИНОВО, Општина БЕРОВО, со Тех.бр. У-45/23 од 12/2023 год, изработен од УРБАНКОН ДООЕЛ Скопје, надвор од Урбанистички план за село Русиново, ќе се спроведе со објавување на Соопштението на Веб страната на Општина Берово, и со излагање на Предлог планот на огласна табла и во просториите на оделението за урбанизам при Општина Берово, во времетраење од 15 (петнаесет) дена, се до 09.05.2024 год, за кое време може да се достават евентуалните забелешки по Урбанистичко Планската документација.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани, правни лица и институции од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во оделението за урбанизам при Општина Берово, како Надлежен орган кој го одобрува доставениот Урбанистички проект, финансиран од заинтересираната странка.

Анкетните листови за учество во јавната анкета може да се добијат во просториите на Општина Берово, кај надлежното лице, или од Веб страната на Општина Берово.

Дел.бр. **20 -1483/1**
Берово, **18.04.2024** год,

***По Овластување:***
**ОПШТИНА БЕРОВО**
Одделение за урбанизам
Раководител:
**МИЦО ДОГАЗАНСКИ, дги**